



# Заеднички мерки за спречување и намалување на последиците од катастрофи во општините Сандански и Радовиш

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**Времетраење:** 24 месеци

**Проектот е ко-финансиран од Европска Унија и Националните Фондови на земјите учеснички**

EUROPEAN UNION

**Водечки Партнер:** Општина Сандански, Република Бугарија

**Проектен Партнер:** Центар за развој на Југоисточниот плански регион

Серијата деструктивни природни катастрофи во 2017 година доведоа до сериозни човечки, еколошки и економски загуби во Европа. Регионот е значително ранлив кон климатските промени и многу слабо подготвен да одговори соодветно на природните непогоди и катастрофи.

Поплавите имаат сериозно влијание врз економската, социјалната и локалната ситуација во регионот. Прекуграничниот регион подлежи на поројни дождови во текот на летото со зголемена фреквенција и времетраење. Како резултат на тоа, речните корита на главните реки во некои критични области не се во состојба да ги прифатат водите од овие врнежи. Ова доведува до поплавување на терените, а понатаму и кон поплави со исклучително неповолни последици за областите, како што се уништување на расположливата инфраструктура - мостови, патишта, дури и загуба на човечки животи, итн.

Како резултат на зголемените врнежи, општина Сандански и општина Радовиш страдаа од поплави предизвикани од реките Санданска Бистрица и реката Сушица и токму поради ваквите непогоди, големо е значењето од еден ваков проект.

**Вкупна вредност на проектот:**
587.931,97 евра

**Буџет на Центар за развој на ЈИПР:**
389.783,17 евра

**Главна цел на проектот:**
Спречување и ублажување на последиците од природни и човечки предизвикани катастрофи од прекугранична димензија и влијание.

**Главни Активности на Проектот:**

1. **Кампања за информирање и публицитет** со која ќе се овозможи промоција на активностите, настаните и резултатите од проектот во прекуграничниот регион;
2. **Изработка на Водич „Збирка на добри практики за борба против последиците од климатските промени во заедниците“**, кој ќе биде дистрибуиран во Бугарија и С.Македонија, а ќе има за цел да ја зголеми свеста на оние кои донесуваат одлуки во прекуграничниот регион;
3. **Организирање на отворени работилници за климатски промени и „зелени“ активности** во Бугарија и С.Македонија со цел да се зголеми свеста кај младите за последиците од климатските промени и слични ризици како што се ерозија, поплави, бури и суши итн.;
4. **Организирање тркалезни маси** со цел ублажување на последиците од климатски промени во Бугарија и С.Македонија за поддршка и размена на добри практики, искуства и знаења за различните мерки за ублажување на последиците од климатските промени;
5. **Инфраструктурни активности во општина Сандански** - уредување на дел од коритото на река Санданска Бистрица, вклучувајќи изградба на неколку заштитни ѕидови од различни должини и габион според техничкиот дизајн, чистење и уредување на коритото, зајакнување и креирање насипи и реки, итн. Исто така предвидено е садење дрвја и пошумување на речниот слив, како мерка за намалување на ерозијата и на бучавата создадена од речниот тек;
6. **Инфраструктурни активности во општина Радовиш** – уредување на дел од коритото на река Сушица со должина од 624м, со чистење на коритото, поставување на каскадни прагови, кејски ѕид, уредување на дното на коритото, градење скали на кејскиот ѕид и рампи со цел да се создаде пристап до реката. Исто така и овде е предвидено садење дрвја и пошумување на речниот слив.

**Резултати од Проектот:**

- Спроведени мерки за прилагодување кон климатските промени кои се однесуваат на значително намалување на ризикот од поплави во општините Сандански (Бугарија) и Радовиш (С.Македонија);

- Изградена зелена инфраструктура која ќе придонесе за намалување на негативните последици од поплавите, што истовремено обезбедува дополнителни бенефиции за складирање на јаглерод, намалување на бучавата и биодиверзитет;

- Зголемена свест и знаење на младите за последиците од климатските промени и нивното влијание врз прекуграничниот регион, како и за можните мерки за решавање на овие проблеми;

- Подобрена комуникација и размена на најдобри практики, искуства и знаења за различните мерки за ублажување на последиците од климатските промени меѓу различните чинители на заедниците во заедничкиот прекуграничниот регион;

- Подобрен квалитет на живот и зголемена безбедност од природни катастрофи во прекуграничниот период.



Община Сандански

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**Контакт:**

Жулиета Ѓуркова
ул. Боро Џони, Бр.10
2400 Струмица
тел. 034/340-139
e-mail: zulieta.gjurkova@rdc.mk